ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка“ бр.2 – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mkwww.makedonskakamenica.gov.mk

Бр. 09-1879/1
29.07.2026

ЈАВЕН ПОВИК
за поставување на штандови за „Ден на дијаспората 2026“

Општина Македонска Каменица објавува Јавен повик за поставување на штандови за потребите на ,,Ден на дијаспората 2026“, кој ќе се одржи на 09 август 2026 година на локација улица Александар Македонски во Македонска Каменица.

1. Начин на доделување

Простор се доделува со надомест од 300,00 денари административна такса и комунална такса за користење на јавен простор по цена од 5,00 денари за 1 м^2, сè до пополнување на расположливиот простор.

2. Право на учество

Право на учество имаат:

- правни лица,
- самостојни вршители на дејност,
- физички лица кои вршат продажба од времен карактер и продажба на сопствени рачно изработени производи.

Физички лица не смеат да вршат продажба на храна и пијалоци.

3. Обврски на учесниците

Секој учесник е должен:

- да има регистрирана дејност согласно закон,
- да обезбеди фискален апарат за продажното место,
- да издава фискална сметка за секоја извршена продажба,

- да ги почитува сите прописи на Управата за јавни приходи.

Физичките лица се должни пред започнување со продажба да поднесат Барање за паушално оданочување (образец ДЛД-ПП) и да поседуваат решение од УЈП.

4. Пријавување

Пријавувањето се врши со доставување на Барање за користење на јавна површина за вршење на дејност во Архивата на Општина Македонска Каменица или по електронски пат на opstina@makedonskakamenica.gov.mk , најдоцна до **07.08.2026 година.**

5. Напомена

Општината обезбедува простор, а целокупната законска и даночна одговорност е на учесниците.

Општина Македонска Каменица
Градоначалник,
Соња Стаменкова

Раководител на Одделение за правни
и општи работи и јавни дејности
Анета Темчева